Елена АЧКОВСКА-ЛЕШКОВСКА

# СТУКТУРАТА НА ВРЕДНОСТНИОТ СИСТЕМ НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО ПЕРИОДОТ НА ТРАНЗИЦИЈА

## Вовед

Пред неколку години нашата држава, заедно со другите источно-европски земји, го започна процесот на општествено-политички и економски промени кои значат премин од социјалистичко кон граѓанско општество, од еднопартизам кон плурализам, од договорна кон пазарна економија. Идеологијата на социјалистичкото самоуправно уредување експлицитно ги прокламираше вредностите еднаквост, социјална правда, слобода. Наспроти нив се наоѓаат т.н. „буржоаски" вредности моќ и богатство кои претставуваат водечки принципи во капиталистичкото општество, додека демократски ориентираните општества акцентот го ставаат на вредностите слобода, независност и самопочитување. За периодот на транзиција карактеристично е напуштање на некои вредности кои ги истакнувала претходната идеологија и прифаќање на други, но тој процес не се одвива непречено, туку со низа конфликти меѓу некомпатибилните вредности.

Современите збиднувања, како и фактот дека вредностите играат значајна улога во општественото живеење на личноста и формирањето на нејзиниот идентитет, беа поттик за планирање на истражување кое би ги презентирало промените во вредносниот систем кај определени социјални групи во Р. Македонија како резултат на актуелниот период на транзиција. Со ова истражување нашата држава се вклучува во меѓународниот проект кој од пред неколку години се реализира под генерално раководство на проф. Шварц од Универзитетот во Ерусалим. Во рамките на овој проект вредностите се испитуваат од различен аспект: идентификување на вредностите како базични цели во различни култури, конфликтите и компатибилноста меѓу одделни типови вредности во вредносниот систем на определена култура, утврдување на промените во вредносниот систем во процесот на премин кон друго општествено уредување и т.н. (Schwartz, 1992; Baychinska, 1994).

## Теоретски основи

Во психолошката литература се среќаваат бројни определби на поимите вредност и вредносен систем. Рејк и Едкок (1978, стр. 16) даваат преглед на дефинициите на вредностите и како најрепрезентативни ги наведуваат формулациите на Џонс и Џерард (1967), Олпорт (1963) и Рокич (1973).

Определбата на Џонс и Џерард е прилично широка со оглед на тоа што како вредност ја сфаќа секоја поединечна состојба или објект кон кој лицето тежнее, му се приближува, го воспева или се изложува на трошок за да го стекне. Според овие автори вредноста го изразува односот помеѓу чувствата на лицето и определени когнитивни категории.

За Олпорт вредностите имаат централно значење во животот на човекот и ги одразуваат неговите аспирации: „Вредноста е верување во склад со кое човекот дејствува по пат на преференции".

Според Рокич, вредностите имаат емоционална, мотивациска и когнитивна компонента и претставуваа „трајно верување дека специфичен начин на однесување или егзистенција е општествено или лично попожелен во однос на спротивниот начин на однесување или егзистенција".

Слична определба дава и Рот (1975, стр. 285): „Вредност претставува идеја или ситуација за која постои уверение дека претставува нешто добро, нешто пожелно, нешто кон чие остварување треба да се тежнее".

Хрњица (1990) го нагласува функционалниот карактер на вредностите и ги определува како мерки со чија помош ја уредуваме средината во која живееме затоа што тие се јасно поврзани со човековата потреба за ред и сигурност.

Наведените дефиниции укажуваат на две битни карактеристики на вредностите: 1. тоа се диспозиции насочени кон остварување цели кои се пожелни и вредни за човекот и 2. тоа се диспозиции кои се централни во структурата на човековата личност и кои силно и трајно го покренуваат на одредена активност.

Поимот **вредносен систем** е прилично еднозначно дефиниран од повеќе автори како интегрален облик на структурна организација на вредности која го определува квалитетот на животната активност на индивидуата. Во поглед на структурата на вредносниот систем во психологијата егзистираат 3 главни теоретски модели.

Првиот модел е **хиерархиски** и се заснова на енергетски пристап кон структурата на вредносниот систем, односно вредносниот систем

се сфаќа од аспект на интензитетот на определените вредности што го сочинуваат. Овој модел во фокусот на интересот ги става промените кои настануваат во вредносниот систем под влијание на различни фактори.

Вториот модел е **психосемантички** и според него структурата на вредносниот систем се интерпретира од аспект на мотивациската насоченост на типовите вредности. Шварц, Билски и другите приврзаници на овој модел пред сѐ се интересираат за мотивациската содржина на вредностите, нивната компатибилност или некомпатибилност, како и за стабилноста на вредносниот систем. Шварц (Schwartz, 1992) смета дека вредносните системи во различни култури имаат слична структура, која може да се прикаже преку 2 биполарни димензии: отвореност кон промени - конзервација и надминување на егоцентричноста - истакнување на самиот себе (Сл. 1). Според овој модел, ако кај поединецот симултано се актуелни вредности кои заземаат спротивни позиции во кругот, доаѓа до конфликт помеѓу нив. Така на пр., хедонизмот и традицијата како вредносни типови се некомпатибилни затоа што првиот се заснова на тежнението кон лични задоволства, а вториот се заснова на инхибирање на импулсите и на рестриктивни правила на однесување кои ги поставува религијата или културата.




Слика 1. Психосемантички модел на односите меѓу типовите вредности

Третиот модел е **хоризонтално-вертикален** и претставува интеграција на првите два. Авторот на овој модел Бајчинска (Baytchinska, 1994) поаѓа од поставеноста на вредносниот систем на неколку нивоа, што е прикажано преку планетарниот модел на структурата на вред-

носниот систем (Сл. 2). Вредностите кои имаат приближно значење за поединецот се поставени на исто ниво, а оние кои имаат различно значење хиерархиски се поставени во неколку нивоа. Конфликт помеѓу вредностите се јавува кога некомпатибилни вредности ќе се најдат на исто ниво.




Слика 2. Планетарен модел на вредносниот систем

Во психологијата се извршени низа истражувања на вредностите и структурата на вредносниот систем. Рејк и Едкок (1978) наведуваат неколку постари истражувања на вредностите, кои пред сè се насочени кон изработка на инструменти за мерење на вредностите и идентификување на нивните мерни карактеристики и евентуалните недостатоци. Едно од нив е она на Олпорт, Вернон и Линдзи (1951) кои конструирале скала за мерење на релативното значење што се придава на 6 вредносни ориентации: теориска (вистина), естетска (хармонија), политичка (моќ), економска (корист), општествена (алтруизам) и верска (единство). Истражувањата со примена на овој инструмент, за кој авторите тврделе дека има висока релијабилност, покажале дека кај свештениците се примарни верски и општествени вредности, додека студентите високо ги оценувале економските и практичните вредности. Подоцна Олпорт го критикувал овој метод на испитување на вредностите затоа што: 1. биле вклучени само 6 вредносни области и 2. се добиваат показатели за релативните преференции на испитаниците, но не и за силата на убедувањето кое стои зад нив.

Друго истражување на кое се осврнуваат горенаведените автори е она на Рокич (1967) кој извршил мерење на вредностите користејќи 2 листи на вредности од кои првите 18 биле терминални, а следните 18

биле инструментални вредности. Испитаници биле американски гласачи кои се одлучиле за еден од седумте кандидати за претседател, а одговарале така што понудените вредности ги рангирале со оглед на тоа колку се значајни за нив. За да испита колку овој метод е релијабилен како мерка на трајниот систем на вредности, авторот спровел ретестирање после 15 месеци и добил релативно високи коефициенти на релијабилност (0,69 за терминалните и 0,61 за инструменталните вредности). Сепак, овој метод има два основни недостатоци: 1. листата на вредности е ограничена и 2. рангирањето не дава индикација за значењето што го има одредена вредност за поединецот, туку го одразува само односот на таа вредност со другите вредности вклучени во листата.

Посовремените истражувања на вредностите се обидуваат да ги надминат недостатоците на претходните така што користат поширoки листи на вредности и се базираат на покомплексни модели на структурата на вредносниот систем. Поаѓајќи од психосемантичкиот модел на структурата на вредносниот систем, Шварц со соработниците (Schwartz, 1992) спровел истражување во 36 земји, а во секоја од нив биле вклучени по 200 испитаници од кои половината биле наставници во основни и средни училишта, а другата половина биле студенти. Инструментот применет во истражувањето содржел 58 вредности кои испитаниците требало да ги проценат на 9.-степена скала со оглед на значењето кое го имаат како водечки принципи во нивниот живот. Резултатите од истражувањето ја потврдуваат претпоставката за постоење на 10 универзални типови вредности, конструирани со оглед на базичната цел односно мотивацискиот интерес (Сл. 1.). Авторот заклучува дека 10. стандардни типови и нивната структура претставуваат во светот многу распространет модел на вредносни системи. Тој потенцира дека ова потврдување на теоријата не се должи на употребениот инструмент бидејќи слична структура е добиена и со анализа на податоците што ги добил Рокич во едно свое истражување.

Целта на истражувањето што го спровела Бајчинска (Baychinska, 1994) на примерок наставници и студенти во Бугарија била да се идентификуваат главните конфликти меѓу вредностите кои се релевантни за периодот на транзиција кон демократско општество и начините на нивно разрешување. Авторката заклучува дека промените на вредносниот систем кај бугарската популација се изразени пред сè во диференцијацијата на 2 вредносни типа: насоченост кон себе и универзализам при што приоритет му се дава на првиот. Конфликтот помеѓу вредностите прокламирани во капиталистичкото општество (моќ) и оние кои се репрезентативни за демократското општество (слобода), се разрешува со субординираност на првите. Со овој податок Бајчинска го толкува релативно мирниот карактер на социјалните

промени во Бугарија. За презентирање на структура на вредносниот систем на наставниците, авторката го користи хоризонтално-вертикалниот модел и заклучува дека јадрото го сочинуваат вредности од персоналната димензија, односно оние кои се вклучени во вредносниот тип насоченост кон себе. Вредностите од вредносните типови универзализам и моќ се сместени на две периоферни нивоа и конфликтите помеѓу нив се разрешуваат или со субординираност (социјална правда пред богатство и моќ) или со координираност (рамноправност и богатство).

## Проблем, цел и задача на истражувањето

**Проблем** на ова истражување е да се утврди дали периодот на транзиција од социјалистичко кон демократско општество ја менува структурата на вредносниот систем кај наставниците во Р. Македонија.

**Цел** на истражувањето е да се идентификува структурата на вредносниот систем на наставниците во Р. Македонија. За реализирање на оваа цел поставени се 2 главни задачи:

-да се изврши анализа на енергетската и семантичката структура на вредностите во вредносниот систем на целиот примерок;

-да се проучат разликите во структурата на вредносниот систем кај наставниците со различен пол, место на растење, етничка и религиозна припадност и степен на религиозност.

## Хипотези

Тестирани се следниве хипотези:

1. Поставеноста на вредносните типови во вредносниот систем на наставниците укажува на премин од вредности прокламирани во социјалистичкото општество кон деморкратски вредности.

2. Постојат разлики во структурата на вредносниот систем помеѓу наставниците со различен пол. Мажите поголемо значење им даваат на вредностите од вредносниот тип моќ, а за жените позначајни се вредностите од групата конзервација (традиција, конформизам и сигурност).

3. Постојат разлики помеѓу наставниците во структурата на вредносниот систем во зависност од местото во кое растеле. Наставниците кои растеле во помало место им даваат поголемо значење на вредностите од вредносните типови традиција и универзализам.

4. Постојат разлики помеѓу наставниците во структурата на вредносниот систем во зависност од етничката припадност. Припадниците

на малцинските етнички групи им даваат поголемо значење на вредностите од вредносниот тип сигурност.

5. Постојат разлики помеѓу наставниците во структурата на вредносниот систем во зависност од религиозната припадност. Припадниците на исламот им даваат поголемо значење на вредностите од вредносниот тип традиција.

6. Постојат разлики помеѓу наставниците во структурата на вредносниот систем во зависност од степенот на религиозност. Порелигиозните наставници им придаваат поголемо значење на вредностите од вредносниот тип традиција.

## Метод

Во истражувањето е користен пригоден примерок кој брои вкупно 209 наставници (150 жени и 59 мажи) од основни и средни училишта во Р. Македонија. Испитувањето на нивните вредносни ориентации е изршено со инструмент изработен од Шварц и соработниците, кој се состои од 2 листи на вредности. Првата листа содржи 30, а втората 28 вредности и секоја од нив е дефинирана заради еднозначно сфаќање од страна на испитаниците. Од испитаниците се бараше да наведат колку е значајна за нив секоја од 58. вредности како водечки принцип во нивниот живот. Проценката ја вршеа на 9.-степена скала која се движи од -1 што значи дека определената вредност е спротивна на водечките принципи на индивидуата, преку 0 што значи дека вредноста за индивидуата не е воопшто значајна, до 7 што значи дека определената вредност има исклучително значење како водечки принцип во животот на испитаникот.

Од 58. специфични вредности се конструирани 10 вредносни типови кои се дистинктивни со оглед на мотивациската насоченост која лежи во нивната основа. Вредносните типови се добиени со испитување на дво-димензионалните проекции на мултидимензионалниот простор кој ги претставува корелациите помеѓу сите специфични вредности (Schwartz, 1992). Се покажало дека специфичните вредности кои го сочинуваат секој вредносен тип се конзистентни во секоја култура. Во истражувањето како варијабли се користат десетте вредносни типови, кои се определени на следниов начин:

**Моќ** - социјален статус и престиж, контрола или доминација над луѓе или материјални добра. Овој вредносен тип го сочинуваат следниве вредности: социјална моќ, општествено признание, авторитет.

**Постигнување** - личен успех преку изразување компетентност според социјалните стандарди. Овој вредносен тип го сочинуваат след-

ниве вредности: амбициозен, влијателен, способен, исполнителен, интелигентен.

**Хедонизам** - задоволство, сетилно уживање. Овој вредносен тип го сочинуваат вредностите: себезадоволувач, ужива во животот.

**Стимулација** - желба за возбудувања, новини и предизвици во животот. Овој вредносен тип го сочинуваат следниве вредности: возбудлив живот, разновиден живот.

**Насоченост кон себе** - независност во мислењето, дејствувањето, изборот, создавањето и истражувањето. Овој вредносен тип го сочинуваат вредностите: независен, љубопитен, сам ги бира целите, слобода, самопочитување, приватност.

**Универзализам** - разбирање, почитување, толеранција и грижа за доброто на сите луѓе и природата. Овој вредносен тип го сочинуваат следниве вредности: рамноправност, социјална правда, мудрост, единственост со природата, духовен живот, мир во светот, свет на убавина.

**Беневоленција** - заштита и грижа за луѓето со кои некој е во чест личен контакт. Овој вредносен тип го сочинуваат следниве вредности: услужливост, зрела љубов, вистинско пријателство, лојален, чесен, одговорен, помага на пријателите.

**Традиција** - почитување, прифаќање и извршување на обичаите и идеите што ги наведува традиционалната култура или религија. Овој вредносен тип го сочинуваат следниве вредности: респект кон традицијата, побожен, умерен, скромен.

**Конформизам** - воздржување од акции и импулси кои ги вознемируваат или повредуваат другите и ги нарушуваат социјалните очекувања или норми. Овој вредносен тип го сочинуваат следниве вредности: самодисциплина, љубезност, ги почитува родителите и постарите, исполнителен.

**Сигурност** - безбедност, хармонија и стабилност на општеството, односите со другите и на самиот себе. Овој вредносен тип го сочинуваат следниве вредности: социјален ред, национална и семејна сигурност, чувство на прифаќање, здрав, чист.

Покрај овие, во истражувањето се вклучени и варијаблите: пол, место на растење, етничка припадност, религиозна припадност и степен на религиозност.

## Резултати

Податоците добиени од применетиот инструмент на примерокот наставници најнапред се трансформирани во скорови, посебно за секој вредносен тип, а потоа се пресметани основните параметри аритметичка средина (M) и стандардно отстапување (SD). Врз основа на

висината на М, извршено е рангирање на вредносните типови, со што се добива увид во нивната хиерархиска поставеност (Табела 1.). Најдено е дека на врвот на хиерархиската листа се поставени вредносните типови конформизам, универзализам и бененоленција, додека стимулацијата се наоѓа на дното.

Табела 1. Хиерархиска поставеност на типовите вредности кај наставниците во Р. Македонија (N=209)

| Вредносен тип | M | SD |
|---|---|---|
| CON | 4.65 | 0.52 |
| BEN | 4.38 | 0.55 |
| UNI | 4.30 | 0.44 |
| SEC | 4.28 | 0.51 |
| SD | 4.27 | 0.51 |
| ACH | 4.18 | 0.62 |
| TRA | 3.14 | 0.66 |
| HED | 3.11 | 1.14 |
| PO | 3.10 | 0.84 |
| STI | 2.08 | 1.06 |

ЛЕГЕНДА

CON - КОНФОРМИЗАМ
BEN - БЕНЕВОЛЕНЦИЈА
UNI - УНИВЕРЗАЛИЗАМ
SEC - БЕЗБЕДНОСТ
SD - НАСОЧЕНОСТ КОН СЕБЕ
ACH - ПОСТИГНУВАЊЕ
TRA - ТРАДИЦИОНАЛИЗАМ
HED - ХЕДОНИЗАМ
PO - МОЌ
STI - СТИМУЛАЦИЈА

Добиените М послужија и како основа за конструирање планетарен модел на структурата на вредносниот систем кај наставниците кој овозможува анализа на вредносните типови не само во однос на нивната вертикална поставеност, туку и во однос на хоризонталната (Слика 3). Евидентно е дека јадрото или идеолошкото селф го сочинува конформизмот, на I ниво се поставени бененоленција, универзализам, сигурност, насоченост кон себе и постигнување, на II ниво - традиција, хедонизам и моќ, а далеку на III ниво - стимулација.




Слика 1. Планетарен модел на типовите вредности кај наставниците во Р. Македонија

2. Заради утврдување на разликите помеѓу половите во структурата на вредносниот систем, применети се постапки од дескриптивната статистика и статистиката на заклучување. Најнапред во рамките на секоја група (мажи и жени) е извршено рангирање на вредносните типови врз основа на добиените M и SD, при што највисок ранг е даден на вредносниот тип со највисока M (Табела 2).

Табела 2. Хиерархиска поставеност на типовите вредности кај наставниците, основни параметри и значајни t вредности со оглед на варијаблата пол

| Жени (N=150) | | | Мажи (N=59) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вред. тип | M | SD | Вред. тип | M | SD | значајни t вредности |
| CON | 4.67 | 0.50 | CON | 4.60 | 0.58 | **HED** **t=2.63**** (p<0.01) |
| BEN | 4.35 | 0.55 | BEN | 4.46 | 0.56 | |
| UNI | 4.31 | 0.44 | SD | 4.37 | 0.54 | |
| SEC | 4.26 | 0.52 | SEC | 4.35 | 0.48 | |
| SD | 4.23 | 0.49 | UNI | 4.26 | 0.44 | |
| ACH | 4.16 | 0.65 | ACH | 4.23 | 0.56 | |
| TRA | 3.13 | 0.66 | **HED** | **3.45** | **1.17** | |
| PO | 3.04 | 1.11 | PO | 3.27 | 0.90 | |
| **HED** | **2.99** | **0.82** | TRA | 3.18 | 0.66 | |
| STI | 2.02 | 1.02 | STI | 2.23 | 1.14 | |

*Забелешка : во табелите се презентирани само значајните t- вредности.

Во поглед на хиерархиската поставеност на вредносните типови, кај наставниците од машки и женски пол, евидентно е дека двете групи испитаници најголемо значење им даваат на вредносните типови конформизам и беневоленција, додека вредносниот тип стимулација има најмало значење како водечки принцип во нивниот живот.

Постапката за пресметување на значајноста на разликите помеѓу аритметичките средини е применета за да се утврдат статистички значајни разлики помеѓу мажите и жените наставници во поглед на давањето приоритет на вредносните типови вклучени во истражувањето. Најдено е дека вредносниот тип хедонизам има поголемо значење како водечки принцип во животот на наставнците отколку на наставничките (t=2.63, p<0.01).

3. Во однос на варијаблата место на растење испитаниците се групирани во 3 групи: оние кои растеле во голем град, во мал град и во село. Рангирањето на вредносните типови во рамките на трите групи, со оглед на висината на M, покажа декак во сите нив конформизмот како вредносен тип е на врвот на хиерархиската листа, а стимулацијата е на нејзиното дно (Табела 3).

Табела 3. Хиерархиска поставеност на вредносните типови и значајни t вредности во однос на варијаблата место на растење.

| голем град (N=60) | | | мал град (N=107) | | | село (N=42) | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Вр. тип | M | SD | Вр. тип | M | SD | Вр. тип | M | SD |
| CON | 4.69 | 0.46 | CON | 4.61 | 0.55 | CON | 4.69 | 0.54 |
| BEN | 4.35 | 0.57 | BEN | 4.41 | 0.52 | **SEC** | **4.45** | **0.48** |
| SEC | 4.29 | 0.43 | **UNI** | **4.36** | **0.45** | **UNI** | **4.39** | **0.41** |
| SD | 4.19 | 0.47 | SD | 4.29 | 0.54 | BEN | 4.36 | 0.59 |
| ACH | 4.16 | 0.66 | ACH | 4.25 | 0.59 | SD | 4.35 | 0.46 |
| **UNI** | **4.12** | **0.45** | **SEC** | **4.21** | **0.56** | ACH | 4.05 | 0.62 |
| HED | 3.33 | 0.60 | TRA | 3.17 | 0.73 | TRA | 3.22 | 0.55 |
| PO | 3.19 | 1.15 | PO | 3.05 | 0.91 | PO | 3.13 | 0.40 |
| TRA | 3.05 | 0.81 | HED | 3.02 | 1.21 | HED | 3.07 | 0.95 |
| STI | 2.21 | 0.96 | STI | 2.06 | 1.15 | STI | 1.93 | 0.99 |
| значајни вредности на t:<br>голем град - мал град UNI t=3.43** (p<0.01)<br>голем град - село UNI t=3.14** (p<0.01)<br>мал град - село SEC t=2.67** (p<0.01) | | | | | | | | |

Резултатите добиени од тестирањето на значајноста на разликите помеѓу аритметичките средини покажуваат дека наставниците кои растеле во мал град повисоко ги проценуваат вредностите вклучени во вредносниот тип универзализам отколку наставниците кај кои примарната социјализација се одвивала во голем град (t=3.43, p<0.01). На истиот вредносен тип поголемо значење му даваат и наставниците кои растеле во село во однос на наставниците кои растеле во голем град (t=3.14, p<0.01). Наставниците кои растеле во село наспроти оние кои растеле во мал град им даваат поголемо значење на вредностите од вредносниот тип сигурност (t=2.67, p<0.01).

4. Со оглед на етничката припадност, во обработката на резултатите беа земени в предвид податоците од наставниците Македонци и Албанци затоа што припадниците на други етнички групи во примерокот беа опфатени во незначителен процент. Во структурата на вредносниот систем, од аспект на хиерархиската поставеност на вредносните типови, кај наставниците Македонци доминираат конформизам и беневоленција, а кај наставниците Албанци - беневоленција и сигурност (Табела 4). Припадниците на двете групи најмало значење им придаваат на вредностите од вредносниот тип стимулација. Сепак овој вредносен тип е со значајно повисок проценет кај наставниците Македонци (t=2.13, p<0.05), додека за наставниците Албанци поголемо значење имаат вредностите од вредносниот тип сигурност (t=3.57, p<0.01).

Табела 4. Хиерархиска поставеност на вредносните типови кај наставниците, основни параметри и значајни t вредности во однос на варијаблата етничка припадност.

| Македонци (N=175) | | | Албанци (N=24) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вред. тип | M | SD | Вред. тип | M | SD | значајни t вредности |
| CON | 4.68 | 0.51 | BEN | 4.61 | 0.52 | **SEC t=3.57**** (p<0.01) |
| BEN | 4.35 | 0.55 | **SEC** | **4.50** | **0.30** | **STI t=2.13*** (p<0.05) |
| SD | 4.29 | 0.50 | CON | 4.39 | 0.60 | |
| UNI | 4.28 | 0.45 | UNI | 4.38 | 0.40 | |
| **SEC** | **4.25** | **0.54** | ACH | 4.21 | 0.57 | |
| ACH | 4.19 | 0.62 | SD | 4.14 | 0.46 | |
| TRA | 3.13 | 0.67 | TRA | 3.39 | 0.68 | |
| PO | 3.10 | 0.83 | HED | 3.38 | 1.49 | |
| HED | 3.08 | 1.09 | PO | 3.32 | 0.78 | |
| **STI** | **2.14** | **1.08** | **STI** | **1.66** | **1.03** | |

5. Во однос на религиозната припадност, испитаниците беа поделени во две групи: православни и припадници на исламската вероисповед. Во анализата на резултатите не беа вклучени податоците од испитаниците кои припаѓаат на други религиозни групи затоа што нивниот број беше занемарлив. Резултатите од хиерархиската поставеност на вредносните типови кај секоја од испитуваните религиозни групи укажуваат дека православните најголемо значење им придаваат на конформизмот и беневоленцијата, а припадниците на исламот - на беневоленцијата и конформизмот (Табела 5). За наставниците од двете религиозни групи најмало значење имаат вредностите од вредносниот тип стимулација.

Табела 5. Хиерархиска поставеност на вредносните типови кај наставниците, основни параметри и значајни t вредности во однос на варијаблата религиозна припадност.

| Православна (N=179) | | | Ислам (N=22) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вред. тип | M | SD | Вред. тип | M | SD | значајни t вредности |
| CON | 4.65 | 0.52 | BEN | 4.65 | 0.51 | **SEC t=3.33**** (p<0.01) |
| BEN | 4.35 | 0.56 | CON | 4.57 | 0.48 | **SD t=2.57*** (p<0.05) |
| **SD** | **4.30** | **0.51** | **SEC** | **4.50** | **0.46** | **STI t=2.50*** (p<0.05) |
| UNI | 4.29 | 0.45 | UNI | 4.41 | 0.44 | **TRA t=2.37*** (p<0.05) |
| **SEC** | **4.25** | **0.53** | ACH | 4.17 | 0.30 | |
| ACH | 4.18 | 0.62 | **SD** | **4.03** | **0.56** | |
| **TRA** | **3.13** | **0.66** | **TRA** | **3.46** | **0.61** | |
| HED | 3.09 | 1.08 | HED | 3.44 | 1.48 | |
| PO | 3.08 | 0.84 | PO | 3.33 | 0.75 | |
| **STI** | **2.15** | **1.08** | **STI** | **1.59** | **0.98** | |

Во однос на оваа варијабла најдени се и најголеми разлики помеѓу групите. Наставниците со исламската вероисповед поголемо значење им даваат на вредносните типови сигурност ($t=3.33$, $p<0.01$) и традиција ($t=2.37$, $p<0.05$) додека православните наставници повисоко ги вреднуваат насоченоста кон себе ($t=2.57$, $p<0.05$) и стимулацијата ($t=2.50$, $p<0.05$).

6. Во однос на варијаблата степен на религиозност, беа обработени само податоците на 2 екстремни групи испитаници: кои изјавиле дека воопшто не се религиозни и кои се декларирале како многу религиозни. Кај двете групи вредносниот тип беневоленција е хиерархиски највисоко поставен во нивните вредносни системи, додека најниско е поставен вредносниот тип стимулација (Табела 6). Двете групи значајно се разликуваат само во однос на вредносниот тип сигурност, при што поголемо значење му даваат наставниците кои се многу религиозни ($t=2.68$, $p<0.01$).

Табела 6. Хиерархиска поставеност на вредносните типови кај наставниците, основни параметри и значајни t вредности во однос на варијаблата степен на религиозност.

| Нерелигиозни (N=25) | | | Многу релегиозни (N=14) | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Вред. тип | M | SD | Вред. тип | M | SD | значајни t вредности |
| BEN | 4.59 | 0.52 | BEN | 4.68 | 0.55 | **SEC t=2.68**** (p<0.01) |
| CON | 4.54 | 0.54 | **SEC** | **4.66** | **0.34** | |
| UNI | 4.42 | 0.45 | CON | 4.61 | 0.45 | |
| **SEC** | **4.29** | **0.52** | UNI | 4.20 | 0.35 | |
| ACH | 4.12 | 0.55 | ACH | 3.88 | 0.63 | |
| SD | 4.11 | 0.59 | SD | 3.87 | 0.45 | |
| HED | 3.65 | 0.94 | TRA | 3.54 | 0.45 | |
| PO | 3.27 | 1.02 | PO | 3.45 | 0.76 | |
| TRA | 2.82 | 0.66 | HED | 3.33 | 1.57 | |
| STI | 2.03 | 1.24 | STI | 1.91 | 0.75 | |

## Дискусија

1. Хиерархиската поставеност на вредносните типови кај наставниците покажува дека доминантни се оние од социјалното подрачје односно приоритет им се дава на колективните пред личните интереси. Основна вредносна ориентација е конформизмот, кој значи конзервација, сочувување на status quo, со што може да се објасни инертноста на наставниците во воведувањето иновации во наставниот про-

цес и бавните промени во образованието. На макро -социјален план, доминатноста на конформизмот укажува на воздржување од акција и ненарушување на социјалните норми и очекувања, што донекаде го објаснува релативно мирниот тек на општествено-политичките промени во нашата држава во периодот на транзиција. Уште едно толкување зошто конформизмот е приоритетен вредносен тип кај наставниците произлегува од структурата на примерокот: во него доминираат повозрасни лица и припадници на женскиот пол, а во психолошката литература се наведува дека токму тие повеќе се склони кон конформистичко однесување (Gahagen, 1978).

Хоризонтално-вертикалниот приод во анализата на структурата на вредносниот систем кај наставниците од Р. Македонија делумно ја потврди првата хипотеза. Прилично се издиференцирани идеолошкото селф, кое го сочинува конформизмот, и крајното ниво на периферијата кое го сочинува стимулацијата. Меѓутоа, поставеноста на вредностите на ниво од периферијата зборува во прилог на тоа дека започнал процесот на реструктуирање на вредносниот систем од вредности прокламирани во социјалистичкото општество (универзализам) кон демократски вредности (насоченост кон себе). За тоа колку се тие компатибилни, мислењата се поделени: некои автори нашле дека доколку се поставени на исто ниво, нужен е конфликт помеѓу нив (Baytchinska, 1994), а други ги сметаат за компатибилни (Schwartz, 1992).

Ова истражување не може да даде одговор на прашањето дали наставниците како специфична социјална група имаат и специфична структура на вредносниот систем која се разликува од онаа на другите групи. Одговор на ова прашање даваат наодите на Тодорова-Морено (1996) која ја споредувала структурата на вредносниот систем кај наставниците и студентите во Р. Македонија и заклучила дека во поглед на вредносните ориентации тие се специфични субгрупи во македонската култура. Анализата покажала дека кај студентите повеќе се присутни стимулација, хедонизам, отвореност кон промени и воопшто индивидуални ориентации, а наставниците поголемо значење им даваат на колективните ориентации како што се сигурност, беневоленција, универзализам и традиција.

Истата авторка извршила споредба на структурата на вредносниот систем помеѓу наставниците од Македонија и Бугарија. Македонските наставници поголемо значење им давале на вредносните типови конформизам, универзализам, беневоленција и постигнување, а бугарските наставници приоритет им давале на насоченоста кон себе, стимулацијата и сигурноста. Во прилог на ова се и резултатите кои ги презентира Бајчинска (Baychinska, 1994). Таа нашла дека идеолошкото селф на бугарските наставници го сочинуваат три вредности кои

припаѓаат на вредносниот тип насоченост кон себе: слобода, самопочитување и независност. Може да се заклучи дека : 1. бугарските наставници, за разлика од македонските, предност им даваат на индивидуалните пред колективните интереси, 2. Промените кон демократски вредности во вредносниот систем на бугарските наставници настанале порано и се поизразени отколку кај македонските наставници.

2. Добиените резултати не ја потврдија претпоставката дека наставниците се разликуваат од наставничките во структурата на вредносниот систем при што мажите поголемо значење им даваат на вредностите од вредносниот тип моќ, а жените на вредностите од групата конзервација (традиција, конформизам и сигурност). Во поставувањето на хипотезата се појде од наводите во литературата дека генетските разлики и разликите во воспитувањето на децата од различен пол во насока на усвојување стереотипни полови улоги, влијаат врз нивните базични мотивациски ориентации и цели, што се рефлектира и врз изградбата на вредносниот систем. Давајќи преглед на заклучоците од истражувањата насочени кон расветлување на овој проблем, Шварц (Schwartz. 1992) истакнува дека мажите се повеќе насочени кон раководство и контрола над другите, кај нив се поприсутни автономни и инструментални ориентации, па би требало да се очекува поголема важност да им придаваат на вредностите од вредносниот тип моќ, а помала на оние од вредносниот тип беневоленција. Жените, пак, во поголема мера се дружељубиви, поврзани со другите и експресивни, кај нив е примарна грижата за другите, воспитувањето и одржувањето хармонични интерперсонални односи, па за нив поголемо значење би требало да имаат вредностите од групата конзервација. Резултатите што ги добил истиот автор во своето истражување извршено во 33 земји, главно ја потврдуваат поставената хипотеза, со исклучок на податокот дека во повеќето примероци мажите им дале значење поголемо од очекуваното на вредностите од вредносниот тип традиција.

Очигледно, овој модел не се потврди кај наставниците од Р. Македонија, па нужно се поставуваат две прашања: 1. зошто припадниците на двата пола најголемо значење им даваат на вредносните типови конформизам и беневоленција, а најмало на стимулација и 2. на што се должи единствената евидентирана значајна разлика помеѓу половите во однос на вредносниот тип хедонизам? Веројатно одговорот треба да го бараме во актуелните макросоцијални збиднувања кои создаваат клима на егзистенцијална несигурност и страв дека кризниот период на транзиција може да донесе покатастрофални последици какви што се случија во соседните земји, па конформистичкото однесување се смета за најсигурен модел на однесување кој можеби нема

да ги подобри социјалните услови на живеење, но барем ќе овозможи да се сочува status quo. Оваа претпоставка дава одговор и на прашањето зошто стимулацијата ниско се вреднува бидејќи тежнението кон возбудлив живот во себе вклучува потреба за промени.

Единствената разлика помеѓу половите во однос на вредносниот тип хедонизам е очекувана и во склад со стереотипната слика за мажите и нивната полова улога во општеството. Очигледно мажите наставници не се разликуваат многу од другите мажи во поглед на истакнувањето на организмичките потреби и сатисфакцијата која се доживува заради нивното задоволување.

3. Местото каде се одвива примарната социјализација е битен фактор во формирањето на личноста, па во склоп на тоа и на нејзините вредносни ориентации. Резултатите покажаа дека наставниците кои растеле во помала урбана средина повисоко ги вреднуваат колективните наспроти индивидуалните интереси. Тие развиваат поблиски интерперсонални односи, поприсутен е поимот за заедништво, што се должи на помалата просторна и психолошка дистанца која овозможува пофреквентна комуникација и поголема меѓусебна доверба. Токму заради тоа за нив е битно да ја сочуват сигурноста на макро и микро социјален план и да бидаат прифатени од средината како личности со позитивни особини. Животот во поголемите градови ги прави луѓето во поголема мера независни, оттуѓени и насочени кон себе и личните интереси.

4. Со процесот на културализација припадниците на една линија ги усвојуваат облиците на однесување, обичаите, ставовите и вредностите кои се карактеристични за таа култура. Оттука потекнува претпоставката дека постои разлика помеѓу наставниците Македонци и Албнци кои живеат во Р. Македонија. Според добиените резултати, не се потврди хипотезата дека разликата се однесува на вредностите од вредносниот тип традиција.

Се покажа дека за наставниците Албанци позначајни се вредностите од вредносниот тип сигурност, што може да се толкува со фактот дека во Македонија, како мултиетничка држава, Албанците се малцинска група која сака да го потенцира својот културен идентитет, па заради тоа значајна вредносна ориентација им е сочувувањето на националната сигурност и групната поврзаност. Овој заклучок е во согласност и со стереотипната слика за Албнците во Македонија која, меѓу другото, ја истакнува нивната групна кохезивност.

Од друга страна, за наставниците Македонци позначајни се вредностите од вредносниот тип стимулација, иако во структурата на вредносниот систем кај двете групи тие најниско се поставени. Сепак, наставниците Македонци, во однос на нивните колеги Албанци, покажу-

ваат поголема желба за новини, возбудувања и предизвици во животот, што наведува на заклучок дека тие се поотворени кон промени.

5. Истражувањата во социјалната психологија укажуваат дека припадноста на одредена религиозна група влијае врз формирањето на ставовите и вредносните ориентации на поединецот (Rot, 1975). Секоја религија експлицитно ги наведува доблестите кои треба да ги прифатат и почитуваат верниците. Така, на пр., христијанската религија ги истакнува следните вредности: толеранција, рамноправност, добри односи со другите луѓе, мир во светот, праведност, умереност, скромност, храброст, зрела љубов, чистота. Наведените вредности се вклучени во вредносните типови: универзализам, традиција, беневоленција, конформизам и сигурност. Исламот поддржува многу од овие вредности, но се разликува во истакнувањето на следниве две: 1. одмаздување наспроти трпеливост и толеранција, што може да резултира дури и во војна во име на бога; 2. не се бара самоодрекување и потиснување на желбите, страстите и задоволствата, што значи дека е присутна хедонистичка ориентација наспроти христијанскиот аскетизам.

Добиените резултати ја потврдија хипотезата за постоење разлики во структурата на вредносниот систем помеѓу наставниците кои припаѓаат на различни религиозни групи, но покажа дека кај наставниците со исламска вероисповест религијата е позначаен фактор во обликувањето на вредносниот систем. Вредносните типови според кои православните наставници се разликуваат од припадниците на исламот не претставуваат вредности кои ги прокламира христијанската религија. Оттука се наметнува заклучокот дека дел од наставниците-Македонци кои и припаѓаат на христијанската религија повеќе декларативно отколку суштински, односно дека се определиле за православната вера пред сè заради нејзиното идентификување со националната припадност. Веројатно има влијание и претходното социјалистичко општествено уредување кое не ја поддржуваше религиозноста и не нудеше организирани форми на верска едукација.

6. Високиот степен на религиозност претпоставува интернализирање на вредностите кои ги прокламира определена религија. Постои група на вредности кои се заеднички за христијанската вера и исламот и кои тие експлицитно ги истакнуваат. Тоа се главно следниве: верување во бог (побожност), почитување на постарите, респект кон традицијата, скромност. Овие вредности се вклучени во вредносниот тип традиција. Со оглед на тоа, претпоставивме дека религиозните наспроти нерелигиозните наставници поголемо значење ќе им придадат на вредностите од типот традиција.

Поставената хипотеза не беше потврдена и се покажа дека двете групи наставници се разликуваат само во однос на вредносниот тип си-

гурност. Религиозните наставници повисоко ги вреднуваат националната и семејна сигурност, чувството на прифаќање од групата и социјалниот ред,што може да се припише на пораките кои имплицитно се содржани и во христијанското и во исламското верско учење: одбрана на сопствениот бог, вера и народ што го зголемува чувството на припадност и кохезивност меѓу членовите на одредена верска група.

**Заклучок**

Од истражувањето спроведено со цел да се идентификува структурата на вредносниот систем кај наставниците од Р. Македонија, како репрезентативна професионална група, можат да се изведат следниве заклучоци:

1. Во структурата на вредносниот систем кај наставниците од Р. Македонија доминираат универзални и социјални вредносни ориентации кои укажуваат дека приоритет им се дава на колективните пред личните интереси. Процесот на реструктуирање на вредносниот систем од вредности прокламирани во социјалистичкото општество кон демократски вредности е во тек, но се одвива со побавно темпо во однос на некои други земји во транзиција.

2. Не постојат големи разлики во структурата на вредносниот систем помеѓу наставниците од двата пола. Единствено е евидентирано дека мажите поголемо значење им придаваат на вредностите од вредносниот тип хедонизам.

3. Наставниците кај кои примарната социјализација се одвивала во помала урбана средина повисоко ги вреднуваат колективните наспроти персоналните интереси, односно поголемо значење им даваат на универзалните вредности, националната и семејна сигурност и одржувањето на групната кохезивност.

4. Наставниците Македонци се разликуваат од колегите Албанци по тоа што се поотворени кон промени и повеќе се ориентирани кон остварување на лични цели додека наставниците Албанци поголемо значење им проидаваат на традиционалните вредности и сочувувањето на националниот идентитет и групната кохезивност.

5. За наставниците со исламска вероисповед религијата и вредностите кои таа ги прокламира имаат поголемо влијание врз структуирањето на вредносниот систем.

6. Религиозните во однос на нерелигиозните наставници повисоко ги вреднуваат националната и семејната сигурност, групната припадност и кохезивност и социјалниот ред.

ЛИТЕРАТУРА:

Baytchinska K. K. (1994): Value conflicts and their resolution in the period of social political changes, Paper presented at the International Conference Psychology and transition, Krushevo, 12-16 October

Gahagen Dz. (1978): Interpersonalno i grupno ponašanje, Beograd, Nolit

Hrnjica S. (1990): Opšta psihologja sa psihologijom ličnosti, Beograd, Naučna knjiga

Rot N. (1975): Osnovi socijalne psihologije, Beograd, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva

Schwartz S. H. (1992): Studing human values, Paper presented at the IACCP-ARIC Congress in Liege, Belgiium, July

Rejk B. & Edkok K. (1978): Vrednosti, stavovi i promena ponašanja, Beograd, Nolit

Todorova-Moreno I. (1996): Value systems and value conflicts in the period of socio-political shange in Macedonia, Paper presented at the Internacional Congress of Psychologists, Montreal

Elena AČKOVSKA-LEŠKOVSKA

## VALUE SYSTEM STRUCTURE IN MACEDONIAN TEACHERS IN THE PERIOD OF TRANSITION

(Summary)

This paper is a part of a big cross-cultural study of values, directed by prof. Schwartz from Jerusalem University. His project is based on a theory of a possible universal structure of values in different cultures.

The aim of this study is to investigate some aspects of value patterns and hierachies in teachers, as a representative group, in the period of social-political changes in Macedonia. Survey questionnaire is used on the sample of 209 teachers, aksed to estimate the importance of each of the 58 values as a guiding principle in their life, apllying 9-points scale. In consideration of the motivational goals, 10 value types are constituted on the basis of the 58 single values. They are: self-direction, hedonism, power, security, conformity, tradition, universalism, benevolence, achievement and stimulation. Value types priorities are studied in relation of gender, ethnicity, place they grew up and religiosity.

The main data for analysis were the mean scores and t-values of different value categories for different group of subjects included in the survey. The obtained results show that the top value types in the Macedonian teachers value hierarchy are conformity, benevolence and universalism, while power and stimulation are at the bottomm of the list. Yet, psycho-semantic analysis shows that there is tendency for change toward democratic values. There are some differences between groups with different gender, ethnicity, place they grew up and religiosity.